Општина Охрид

Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа
Бр. 08 - 2751
03.03 2026 год.
ОХРИД

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс (046) 262-492/493

# УПАТСТВО ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

## за доделување финансиска поддршка на микропроекти

## во рамки на Програмата за локален економски развој и туризам

**Вовед**

Овој Правилник го уредува начинот, условите, критериумите и постапката за доделување финансиска поддршка за реализација на микропроекти во рамки на Програмата за локален економски развој и туризам на Општина Охрид за 2026 година.

Финансиската поддршка има за цел да поттикне иницијативи од јавен интерес кои придонесуваат кон одржлив економски развој, унапредување на туристичката понуда, зачувување и валоризација на природното и културното наследство, како и подобрување на квалитетот на живот во локалната заедница. Преку транспарентна и конкурентна постапка на јавен повик се обезбедува еднаков пристап до средствата за сите подобни апликанти, со примена на принципите на ефикасност, отчетност, одржливост и партнерство.

Поддржаните микропроекти претставуваат активности од мал обем со јасно дефинирани резултати, временска рамка и мерлив придонес кон локалниот развој, при што се поттикнува активно учество на граѓанскиот сектор, здруженијата и другите релевантни чинители. Финансирањето се спроведува во согласност со важечките законски прописи, стратешките документи на општината и добрите европски практики за управување со јавни средства и поддршка на развојни иницијативи.

Со овој Правилник се воспоставува јасна рамка за планирање, спроведување, следење и известување за микропроектите, со цел обезбедување транспарентно, наменско и ефективно користење на расположливите буџетски средства.

**I. Општи одредби**

**Член 1**

Со ова упатство се уредуваат:

- условите, критериумите и постапката за доделување финансиска поддршка на проекти од мал обем;

**Општина Охрид**

Сектор за Туризам и Локален
економски развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс (046) 262-492/493

- приоритетните области на интервенција;
- подобните апликанти, активности и трошоци;
- начинот на оценување, избор и спроведување на проектите.

Финансиската поддршка се доделува во рамки на Програмата за локален економски развој и туризам на **Општина Охрид за 2026 година**.

## II. Цели на финансиската поддршка

### Член 2

**Општа цел**

Поттикнување иницијативи што придонесуваат за:

- одржлив локален економски развој;
- унапредување на туризмот и културното наследство;
- заштита на животната средина;
- подобрување на квалитетот на живеење и локалната економска активност.

### Член 3

**Специфична цел**

Директна поддршка на проекти што создаваат:

- социјална и економска вредност;
- подобрено деловно опкружување;
- поголема вклученост на граѓанските организации и локалните чинители.

## III. Буџет и финансиски рамки

### Член 4

Вкупниот буџет изнесува **2.000.000 денари**, распределен на:

- **1.000.000 денари – локален економски развој**
- **1.000.000 денари – туризам**

Општина Охрид

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс (046) 262-492/493

**Член 5**

- Максимален износ по проект: **200.000,00 денари**
- Задолжително учество на апликантот: **минимум 10% од одобрениот износ (Сопственото учество може да биде обезбедено во форма на директни финансиски средства или како нефинансиски придонес, преку извршени работи, обезбедени ресурси, услуги, волонтерски ангажман или друга соодветна поддршка поврзана со реализацијата на проектните активности, при што истото треба да биде јасно прикажано и соодветно документирано во проектниот буџет и извештаите за спроведување.)**
- Краен рок за доставување на финални извештаи од страна на апликантот - **најкасно до 31.10.2026 година.**
- Хонорари за проектен тим, но не повеќе од 15% од целокупно одобрениот износ од страна на општина Охрид, не вклучувајќи го сопственото учество.
- Изработката на дигитални и печатени материјали да не надминува 5% од целокупно одобрениот износ од страна на општина Охрид, не вклучувајќи го сопственото учество.

**IV. Подобни апликанти**

**Член 6**

Може да аплицираат:

- здруженија на граѓани;
- фондации и непрофитни организации;

Апликантот мора:

- да биде регистриран во Централниот регистар најмалку **1 година**;
- да има реализирано активности во областа;
- Предност имаат:
- апликанти со претходно спроведени проекти финансирани од ЕУ или национални програми;

Сектор за Туризам и Локален
економски развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс (046) 262-492/493

**V. Неподобни апликанти**

**Член 7**

Не се подобни:

- физички лица;
- субјекти во стечај или ликвидација;
- субјекти со блокирана сметка или даночен долг.

**VI. Приоритетни мерки по програми**

**1. Локален економски развој**

Поддржани активности:

- **Развој на локални производи и услуги:** Поддршка за подобрување, промоција и продажба на локални производи и услуги кои ја зајакнуваат економијата.

- **Набавка на опрема од мал обем:** Финансирање на основна опрема која го олеснува работењето и подобрува продуктивноста на малите бизниси.

- **Локално брендирање и маркетинг:** Креирање на препознатлив бренд и маркетинг активности за промоција на локалните производи или услуги.

- **Иницијативи за зелена економија и енергетска ефикасност:** Проекти кои го намалуваат влијанието врз животната средина и ја зголемуваат енергетската ефикасност.

**2. Туризам**

Поддржани активности:

- **Ревитализација на традиционални туристички содржини:** Обнова и зачувување на историски и културни атракции за подобрување на туристичката понуда.

- **Мали инфраструктурни подобрувања:** Поставување и уредување на патеки, знаци, клупи, осветлување или други мали објекти за туристите.

Општина Охрид

Сектор за Туризам и Локалеı
економски развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс (046) 262-492/493

- **Тематски туристички рути и настани:** Организација на културни, гастрономски или рекреативни тури, активности за туристите и организација на настани.

- **Дигитална промоција и туристички водичи:** Развој на веб-страници, апликации или водичи за промоција на локалните атракции.

- **Активности за зачувување на културното наследство:** Проекти кои го штитат и промовираат локалното културно и историско наследство.

## VII. Подобни и неподобни трошоци

**Член 8**

**Подобни трошоци**

- опрема од мал обем и материјали поврзани со проектот;
- услуги за обуки, промоција и настани;
- изработка на дигитални и печатени материјали;
- ситни инфраструктурни интервенции.

**Член 9**

**Неподобни трошоци**

- купување возила или земјиште;
- големи градежни работи;
- плати за редовно вработени;
- трошоци направени пред потпишување договор;
- камати, казни и долгови.

Општина Охрид

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс (046) 262-492/493

## VIII. Критериуми за оценување

(усогласени со европски практики)

| **Критериум** | **Поени** |
|---|---|
| Релевантност и усогласеност со приоритетите | 25 |
| Одржливост и долгорочен ефект | 20 |
| Квалитет на проектниот дизајн | 15 |
| Буџетска оправданост | 10 |
| Иновативност и локално влијание | 15 |
| Учество на заедницата | 10 |
| Капацитет на апликантот | 5 |

**Минимум за финансирање: 60 поени**

## IX. Начин на пријавување и потребна документација

Апликантот задолжително доставува:

- Пополнет **„Апликационен формулар со буџет“** – кој е достапен на веб страната на општина Охрид *www.ohrid.gov.mk*;
- проектен буџет;
- решение за регистрација;
- тековна состојба од Централен регистар од денот на објавување на повикот;
- изјава за кофинансирање;
- изјава за сериозност;
- биографии на проектниот тим;
- доказ за претходно искуство (доколку постои).

Општина Охрид

Сектор за Туризам и Локалеı економски развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс (046) 262-492/493

- Доколку апликантот има партнер во проектот, во прилог на документацијата треба да достави и меморандум за соработка и договор за соработка (партнерство) и сл.
- Електронска верзија на проектниот предлог доставена на УСБ.
- Заинтересираните мора да ги поднесат своите предлози користејќи го формуларот за пријавување кој што е достапен на http://www.ohrid.gov.mk.

Проектната документација треба да биде доставена во еден (1) примерок во оригинал и  две (2) копии.

**Крајниот рок за прием на пријавите е 15 дена од денот на објавување на веб страната на општина Охрид од 09:00 до 14:30 часот во архивата на општина Охрид.** Секоја пријава што ќе пристигне по завршувањето на крајниот рок од страна на комисијата ќе биде одбиена.

**X. Начин на остварување на право на надоместок**

- Градоначалникот на општина Охрид врз основа на Предлог на комисијата носи решение за одобрување или одбивање на аплицираните проекти.
- Средствата се исплаќаат на сметка на апликантот (правната форма која аплицира) во бруто износ.
- Апликантите кои нема да ги исполнат условите се известуваат писмено, а документите им се враќаат по нивно барање.
- Документите кои ќе бидат доставени имаат важност на чување 3 години.

Општина Охрид

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс (046) 262-492/493

Комплетната документација да се достави на адреса:

**ОПШТИНА ОХРИД**

**Сектор за туризам и ЛЕР**

**ул. Димитар Влахов бр.57**

**6000 Охрид**

**со назнака:**

**"ЈАВЕН ПОВИК–**

**ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ОДРЖЛИВИОТ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ТУРИЗМОТ ЗА 2026 година"**

**(обрзнително да се напише: ДА НЕ СЕ ОТВАРА ДО СОСТАНУВАЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА)**

Општина Охрид

Сектор за Туризам и Локален економски развој

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Република Македонија

Тел/факс (046) 262-492/493

## X. Завршни одредби

**Член 10**

Изборот на проектите го врши комисија за евалуација и надзор на проектите формирана од страна на градоначалникот, согласно принципите на транспарентност, еднаков третман, утврдени критериуми и отчетност.

**Член 11**

Ова упаство за аплицирање стапува во сила од денот на неговото потпишување.

Комисија во состав:

1.Снежана Трајкоска – претседател

2.Ѓорѓи Трпески – член

3.Весна А.Целеска – член

Контролирал

Раководител на одд. за ЛЕР

М-р Симе Стефановски

Раководител на одд.за туризам

Кифни Усеини

Одобрил

Раководител на Сектор за ТЛЕР

М-р Ѓоко Апостолов

Градоначалник,

Кирил Пецаков